Република Македонија
Министерство за образование и наука
Бр. 12-6381/3
18.07.2018
Скопје

Врз основа на член 34 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/2011, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование бр. 19-2252/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2929/1 од 02.03.2017 година, Министерството за образование и наука донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари за учениците од основните училишта по наставниот предмет Хемија

1. Се акредитира **Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија** за организирање на натпревари на учениците од основните училишта по наставниот предмет Хемија.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија бр. 12-сл од 04.04.2018 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова решение е за период од три години.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## Образложение

Министерството за образование и наука, објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта бр. 12-3946/1 од 23.03.2018 година, на кој Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија поднесе барање за акредитација бр. 12-сл од 04.04.2018 година.

Согласно член 34 став (5) од Законот за основното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр. 19-15112/1 од 25.12.2013; 19-15112/2-13 од 27.01.2014 и 20-8716/1 од 17.04.2015 година, со Записникот од работата на Комисијата бр. 12-6381/1 од 18.05.2018 година, утврди дека Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија, ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија

на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта утврдени во член 34 став (7) од Законот за основното образование, член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование бр. 19-2252/1 од 05.03.2013 година и бр. 20-2929/1 од 02.03.2017 година и ја има доставено потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

**Министерство за образование и наука**
**М и н и с т е р,**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- архива
- Здружението
- Биро за развој на образованието

Изготвил: Горан Тодороски
Контролирал: Милка Масникоса
Одобрил: Назихтере Сулејмани